# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**ХАУСМАЈСТОР ДОМУВАЊЕ** ја утврди политиката за квалитет, животна средина и здравје и безбедност при работа со цел исполнување на барањата на купувачите, исполнување на законската регулатива, националните и меѓународните стандарди.

**ХАУСМАЈСТОР ДОМУВАЊЕ** се грижи за животната средина и здравјето и безбедноста при работа, преку утврдување на аспектите и влијанијата кон животната средина, опасностите и штетностите кои имаат влијание на здравјето и безбедноста на вработените и со нив управува преку воспоставените цели и програми за животна средина и здравје и безбедност при работа.
Насоченоста кон потребите и задоволството на купувачите од извршената работа се најважните вредности според кои **ХАУСМАЈСТОР ДОМУВАЊЕ** ја мери и одредува својата вкупна успешност. Посебна определеност посветуваме на зачувување на биолошко-еколошките вредности на околината, здравјето и безбедноста на вработените спроведувајќи превентивни мерки за заштита на животна средина и здравје и безбедност при работа.

Со цел одржување, зајакнување на вредностите, **ХАУСМАЈСТОР ДОМУВАЊЕ** се обрзува и ги почитува следните основни начела:

- Континуирана **едукација** на персоналот, зајакнување на одговорноста на вработените и развивање на партнерски односи;
- Набавка на **современа** опрема, инфраструктура и одржување на работната средина во која се извршуваат работните процеси;
- **Професионален однос** со добавувачи и заинтересираните страни и исполнување на договорените рокови;
- Спречување на повреди при работа создавајќи **безбедна работна средина, безбедни работни места и безбедна опрема за сите вработени**;
- **Грижа за животната и работната средина преку мерење на загадувањата врз животна средина и влијанијата врз здравјето и безбедноста на вработените;**
- Воспоставување на **ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни** со цел размена на информации поврзани со квалитетот, заштита на животна средина и безбедност и здравје при работа;
- Одржување и подобрување на системот за управување со квалитет, животна средина, здравје и безбедност при работа согласно барањата на стандардите **ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и OHSAS 18001:2007**;
- Создавање на **култура за квалитет, животна средина и безбедност и здравје** при работа;
- Почитување на **законските прописи и барања**;
- **Воспоставување, следење и преиспитување** на политиката и целите за квалитет, општите и посебни цели за животната средина и општи и посебни цели за здравје и безбедност при работа;

**Политиката за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа е достапна на јавноста и вработените и преставува рамка за утврдување и преиспитување на целите за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа.**

Скопје, 02.05.2018

**Директор**
**Владимир Киселички**